


чекори

*Што е*

# ОВОЗМОЖУВАЧКА ОКОЛИНА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО?

MONITORING MATRIX

# Што е **ОВОЗМОЖУВАЧКА ОКОЛИНА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО**?

Овозможувачката околина за развој на граѓанското општество е општо дефинирана како услови во кои дејствува граѓанското општество.

Поточно, овозможувачката околина подразбира разновиден спектар од услови – економски, политички, општествени, правни и други кои влијаат врз капацитетот на граѓаните доброволно да бидат дел од граѓанското општество, индивидуално или колективно. Овозможувачката околина сѐ повеќе се перципира како клучна за процената на состојбата на граѓанското општество.

Оваа брошура ве води низ главните елементи на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество. Овие елементи вклучуваат правна, регулаторна и финансиска средина во која работат граѓанските организации, опишани во осум чекори.

# МАТРИЦАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ Е АЛАТКА РАЗВИЕНА ЗА ПРОЦЕНА НА ОВОЗМОЖУВАЧКАТА ОКОЛИНА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО.

Матрицата за следење се заснова на главните принципи и стандарди чие постоење е круцијално со цел правната, регулаторната и финансиската средина да бидат поддржувачки и овозможувачки за работата на граѓанските организации.

## МАТРИЦАТА СЕ СОСТОИ ОД ТРИ ОБЛАСТИ:

- ОСНОВНИ ЗАГАРАНТИРАНИ ЗАКОНСКИ СЛОБОДИ
- РАМКА ЗА ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ
- ОДНОС МЕЃУ ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Секоја област е дефинирана со клучни принципи кои дополнително се елаборирани со специфични стандарди. Стандардите се дополнително објаснети преку индикатори.

ПРИНЦИПИ → СТАНДАРДИ → ИНДИКАТОРИ

# 1 ОСНОВАЊЕ ГРАЃАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА



Правната рамка дозволува секое лице да основа здружение, фондација и друг тип на непрофитни, невладини субјекти за секоја цел, без разлика на возраста, националноста, полот итн.



Регистрацијата не е задолжителна, но и при регистрација, процедурата е лесна, брза и евтина.



По основањето на ГО, нејзините членови можат да формираат или учествуваат во мрежи и коалиции на локално или на меѓународно ниво.

Државата не се вмешува во внатрешните работи на организацијата и обезбедува заштита од вмешување трети лица.

Изготвувањето финансиски извештаи не е тешко, туку е пропорционално со големината и опсегот на активности на организацијата, како што се и санкциите во случај на прекршување на законските одредби.






Организацијата има законско право да врши економски активности.

Исто така, има право на добивање странски средства, како и од поединци, корпорации или други извори, без каков било непотребен трошок или административно оптоварување.



## ЗАПОМНЕТЕ:

### Слободата на здружување е загарантирана и слободно практикувана од сите.

- Сите физички и правни субјекти имаат слобода да основаат и учествуваат во неформални и/ или регистрирани организации (офлајн и онлајн).
- ГО дејствуваат слободно без неоправдано вмешување на државата во нивните активности и внатрешно управување.
- ГО можат слободно да бараат и обезбедуваат финансиски ресурси од различни домашни и странски извори за поддршка на нивните активности.

# 2 СЛОБОДА НА СОБИРАЊЕ И ИЗРАЗУВАЊЕ

## ОРГАНИЗИРАЊЕ МИРЕН СОБИР

- Нема ограничување на правото на спонтани, истовремени и контрасобири на секое место и во секое време.
- Не е потребна дозвола за организирање собир, но во краен случај, може да има потреба од претходно известување.
- Во случај на какво било ограничување на собирот, тоа треба да биде од оправдани причини, а организаторот треба навремено да се извести за тоа, така што би била загарантирана можноста за приговор.
- Државата обезбедува заштита од лица кои имаат цел да го спречат или прекинат собирот и нема прекумерна примена на сила од страна на институциите и полицијата.
- Медумите имаат што е можно поголем пристап до собирот.







## ИЗРАЗУВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

- Ако сте претставник на ГО, особено доколку се залагате за човековите права или имате улога на „надгледувачи“ (watchdog), можете слободно да го искажете своето мислење за прашањата што ги поддржувате или критикувате.
- Нема да бидете кривично гонети и нема да ви биде изречена санкција за искажување критички ставови јавно или во лична комуникација.

## КАКВА Е КОМУНИКАЦИЈАТА?

- Комуникацијата и пристапот до секој извор на информации се овозможени.
- Забрането е следење на комуникацијата од неоправдани причини и е незаконско прибирањето лични информации.
- Членовите на една ГО и другите членови од нејзините групи во рамките на друштвените мрежи не смеат да бидат вознемирувани од полицијата.

## ЗАПОМНЕТЕ:

Слободите на собирање и изразување се загарантирани за сите.

- Претставниците на граѓанското општество, индивидуално или преку нивната организација, уживаат слобода на мирно собирање.
- Претставниците на граѓанското општество, индивидуално или преку нивната организација, уживаат слобода на изразување.
- Претставниците на граѓанското општество, индивидуално или преку нивните организации, имаат право на безбедно добивање и пренесување информации преку кој било медиум.

# 3 ДАНОЧЕН ТРЕТМАН ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ДОНАТОРИТЕ

*Откако организацијата ќе почне со работа и нејзините претставници се запознаени со нивните права...*
*...кои се даночните обврски и користи?*
*Законот Ви овозможува:*

- Даночно ослободување за сите за грантови и донации што поддржуваат непрофитни активности на ГО

НЕМА ДИРЕКТНИ ИЛИ ИНДИРЕКТНИ (СКРИЕНИ) ДАНОЦИ

- Даночни олеснувања за економските активности на ГО

ОВИЕ ОЛЕСНУВАЊА СЕ ЕФЕКТИВНИ И ГИ ПОДДРЖУВААТ АКТИВНОСТИТЕ НА ГО

- Даночни олеснувања за пасивните инвестиции на ГО

МОЖЕ ДА СЕ ПРАКТИКУВААТ И НЕ ПРОИЗЛЕГУВААТ САНКЦИИ ОД НИВНОТО ПРАКТИКУВАЊЕ

***Фондот претставува инвестиран капитал/средства на една организација, при што само приходот од инвестицијата се користи за работењето на организацијата и нејзините програми.*

- Даночни олеснувања за фондови

**ФОНДОВИТЕ МОЖЕ ДА СЕ ОСНОВААТ БЕЗ ПОГОЛЕМИ ПРОЦЕДУРАЛНИ ПОТЕШКОТИИ И СЛОБОДНО ДА ДЕЈСТВУВААТ**

- Даночни олеснувања за индивидуални и корпоративни донации

**ДАНОЧНИТЕ ОЛЕСНУВАЊА ВКЛУЧУВААТ ШИРОК СПЕКТАР НА АКТИВНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС И МОЖЕ ДА СЕ ПОБАРУВААТ ПРЕКУ ЈАСНА И ФУНКЦИОНАЛНА ПРОЦЕДУРА.**




## ЗАПОМНЕТЕ:

Граѓанските организации и донаторите уживаат поволен даночен третман.

- Даночните олеснувања се достапни за различни извори на финансирање на ГО.
- Обезбедени се поттикнувања за индивидуално и корпоративно донаторство.

# 4 КАКО ДА СЕ ДОЈДЕ ДО ДРЖАВНА ПОДДРШКА?

## ДРЖАВНА ПОДДРШКА

Јавното финансирање за ГО се регулира со закон/ национални политики. Тоа е јасно испланирано и лесно може да се идентификува во рамките на државниот буџет и ги задоволува потребите на граѓанскиот сектор, при што не варира значително од една до друга година.

## МЕХАНИЗАМ НА НАЦИОНАЛНО НИВО:

Пропишана е процедура за дистрибуција на јавните средства која е транспарентна и законски обврзувачка.

## РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА:

Органите на државна управа објавуваат повик, во кој се наведени јасни критериуми за учество и избор на ГО, како и јасни процедури за разрешување на прашањата на конфликт на интерес.

## ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ:

Учеството на ГО во процедурата на распределба и следење е транспарентно и значајно. Апликациите не се премногу оптоварувачки, а ГО се третираат на еднаков и недискриминаторски начин при обезбедувањето финансиски извори.

## СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНКА:

Постојат јасни мерки и индикатори за отчетност, следење и оценка. Санкциите за злоупотреба на средствата се пропишани и пропорционални. Државата редовно ги оценува ефектите/ влијанието на јавните средства и таа оценка ја прави јавно достапна.

## ДРЖАВНА ПОДДРШКА:

### ФИНАНСИСКА:

- Институционален развој на ГО;
- Проектна поддршка;
- Кофинансирање проекти финансирани од ЕУ.

### НЕФИНАНСИСКА:

- Државна сопственост;
- Издавање простор;
- Обука;
- Консултации итн.

## ЗАПОМНЕТЕ:

**Државната поддршка за ГО е доделена и искористена на транспарентен и отчетен начин.**

- Јавното финансирање е достално за институционален развој на ГО, проектна поддршка и кофинансирање на ЕУ и други грантови.
- Јавното финансирање е распределено на пропишан и транспарентен начин.
- Постои јасен систем на отчетност, следење и оценка за јавното финансирање.
- Државата овозможува нефинансиска поддршка.

# 5 СОЗДАВАЊЕ ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ



## ВО ТЕКОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО...

- Темите поврзани со граѓанското општество се вклучени во официјалната образовна програма од сите нивоа на образование.
- Стажирањето и стипендиите во ГО се нудат како дел од образовната програма.
- Неформалното образование и обуката стекнати во ГО се признаваат.



## ПРИ ВОЛОНТИРАЊЕ...

- ГО можат да ангажираат волонтери, особено поради тоа што постојат лесно достапни поттикнувања и државни програми кои промовираат волонтерство.
- Иако организираното волонтерство е заштитено со јасни договорни односи, не постојат ограничувања, а волонтирањето исто така може да биде и спонтано.
- Административните процедури за ГО и волонтерите се едноставни и без непотребни трошоци.




## РАБОТА ВО ГО...

- ГО има еднаков третман како и секој друг работодавец – нема дополнителни услови при вработувањето на лицата и ГО се подеднакво вклучени во државните програми за поттикнување на вработувањето.
- Редовно се води национална статистика за бројот на вработени и други релевантни информации за непрофитиот сектор.

## ЗАПОМНЕТЕ:

**Државните политики и правната средина ги поттикнуваат вработувањето, волонтирањето и другите ангажмани во ГО.**

- ГО се третираат на еднаков начин како и другите работодавачи.
- Постојат овозможувачки политики и закон за волонтерство.
- Образовниот систем промовира граѓански ангажман.

# 6 РАМКА ЗА СОРАБОТКА СО ДРЖАВАТА

*Каква е рамката за соработка помеѓу граѓанското општество и државата?*



## ВЛАДА

Примерите покажуваат дека развојот на граѓанското општество и соработката помеѓу ГО и државата се спроведуваат согласно утврдените заложби и план во документот.

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ:

Соработката помеѓу ГО и државата се регулира со стратешки документ за развој на граѓанското општество врз основа на претходно прибрана национална статистика. Овој документ вклучува мерки, цели, достапно финансирање за ГО и поделба на одговорностите.






## ГРАЃАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Голем број ГО учествуваат во развојот, спроведувањето и оценката на стратешкиот документ.

## ТЕЛОТО ИЛИ МЕХАНИЗМОТ ЗА СОРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНО НИВО

постои за да се осигура соработката помеѓу ГО и државата преку фасилитирање дијалог, дискусија за предизвиците и предлагање клучни политики за развој на граѓанското општество.

Вклученоста на ГО во одлуките донесени од националното тело/механизам е регулирана со одредби.

## ЗАПОМНЕТЕ:

### Постои стратешки пристап за подобрување на соработката помеѓу државата и ГО, како и развојот на ГО.

- Државата преку политики и стратегии ја препознава важноста на развојот на соработката со граѓанското општество.
- Државата преку работата на своите институции ја препознава важноста на развојот и соработката со граѓанското општество.

# 7 УЧЕСТВО ВО КРЕИРАЊЕТО ПОЛИТИКИ И ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ

*Како да се вклучите во...*

## ... ПРОЦЕСИТЕ НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТКИ?

**ПОКАНА/ СООПШТЕНИЕ:** Државните институции уште во раната фаза редовно ги повикуваат сите заинтересирани ГО за коментирање на политиките/ правните иницијативи.

**ПОДГОТОВКА:** За таа цел, ГО се обезбедени со соодветни информации за содржината на предлог-документите и за деталите од консултациите со доволно време за доставување одговор.

**ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ:** Пишан повратен одговор за резултатите од консултациите е јавно достапен од страна на државните институции, вклучувајќи ги образложенијата за препораките кои не биле вклучени.

**ОБЈАВУВАЊЕ:** Државните институции активно ги објавуваат предлог-законите и усвоените закони и политики, освен ако истите не се предмет на исклучоци кои се пропишани со закон.

## ...ПРОЦЕСИ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ?

Претставниците на ГО се вклучени во одлучувачките и советодавните тела за прашања и политики релевантни за граѓанското општество, засновани на транспарентни и претходно утврдени критериуми за избор, со кои се осигурува соодветна застапеност од граѓанското општество.

Претставниците на ГО во овие тела можат слободно да ги претставуваат и бранат нивните ставови и можат да применуваат алтернативни начини на застапување кои не се строго усогласени со позицијата на телото, без да бидат санкционирани.

**Државните службеници се обучени за обезбедување вклученост на ГО во работата на државните институции, а процесот се координира и следи од страна на назначени владини единици или службеници.**

**Државните службеници кои ги прекршуваат законските одредби за пристапот до јавните информации ќе бидат санкционирани.**

## ЗАПОМНЕТЕ:

### ГО се ефективно вклучени во процесите на креирање политки и донесување одлуки.

- Постојат стандарди што овозможуваат вклучување на ГО во одлучувањето, кои овозможуваат навремен придонес од ГО.
- Сите предлог- политки и закони се лесно и навремено достапни за јавноста.
- Претставниците на ГО се еднакви партнери во дискусиите во меѓусекторските тела и се избираат преку јасно дефинирани критеруми и процеси.

# 8 СОРАБОТКА ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ



## Како можат ГО да обезбедуваат услуги финансирани од државата?

ГО имаат дозвола да даваат услуги во различни области, како што е образованието, здравството, социјалната заштита или какви било други иновативни услуги што не се дефинирани со закон.

Кога е потребна одредена регистрација или лиценца за ГО, процедурата за добивање на истата не е премногу сложена.

Покрај обезбедувањето услуги, ГО исто така може да бидат вклучени во процесот на процена на потребите и најдобрите начини за нивно обезбедување, како и во процесот на оценка.

ГО може да користат државно финансирање за обезбедување различни видови услуги.

Процедурата за дистрибуција на овие средства е јасна и транспарентна, а цената не е водечкиот критериум за избор на давателите на услуги.

Иако тендерите се сметаат за фер и конфликтите на интереси се избегнати, ГО исто така имаат право на приговор за резултатите од тендерот.

Финансирањето е доволно, исплатата на средствата е флексибилна и навремена, овозможувајќи давање услуги со најдобар квалитет.

ГО може да потпишуваат долгорочни договори со државата за обезбедување услуги.

## Следење и оценка

ГО се редовно следени за трошењето на средствата и квалитетот на давањето услуги и според јасна и претходно објавени процедура и критериуми.

Државните институции спроведуваат редовна оценка за квалитетот и ефектите/ влијанијата на услугите кои се обезбедени и таа е јавно достапна.



## ЗАПОМНЕТЕ:

**Постои поддржувачка околина за вклученост на ГО во обезбедувањето услуги.**

- ГО се вклучени во давање различни услуги и се натпреваруваат за договори со државните институции на еднаква основа како и другите добавувачи.
- Државата се обврзува да ги финансира услугите и финансирањето е предвидливо и достапно на подолг временски период.
- Државата има јасно дефинирани процедури за договорни услуги кои овозможуваат транспарентен избор на давателите на услуги, вклучително и ГО.
- Постои јасен систем за отчетност, следење и оценка на давањето услуги.

Матрицата за следење е развиена од страна на експерти од граѓанските организации од земјите од Западен Балкан и од Турција, со поддршка од ЕЦНЛ. При формулирањето на матрицата земен е во предвид тековниот степен на развој и спецификите на земјите на Западен Балкан и Турција. Флексибилноста на матрицата дава можност за нејзино прилагодување и употреба во светски рамки, во секоја земја, од страна на ГО, владините претставници и различни донатори.




Следењето согласно матрицата се спроведува во осум земји од Западен Балкан и од Турција.

Матрицата е дизајнирана како долгорочен механизам за следење. Циклусот на следење се одвива на годишно ниво. Ова исто така претставува и начин да се обезбеди внес на податоците од следењето во веќе постоечките глобални и регионални индекси за следење во специфична тематска област од развојот на граѓанското општество и обратно.

Следејќи го концептот на матрицата, Европската комисија го разви документот Насоки за поддршката на ЕУ за граѓанското општество во земјите од проширувањето 2014-2020, за следење и оценка на околината во која функционира граѓанското општество во земјите аспиранти за членство во Европската Унија.

Проект: Аквис (Acquis) на балканското граѓанско општество-јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање.

Брошурата е подготвена од:
Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН)

адреса:
ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“, 39/II-2,
1000 Скопје

телефон:
+389(0)2 614 42 11

е-пошта:
ExecutiveOffice@balkancsd.net

веб-страница:
www.balkancsd.net

www.facebook.com/balkancsd.net
www.twitter.com/BCSDN

Превод и лектура на брошурата на македонски јазик обезбеди:
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

адреса:
ул. „Никола Парапунов“ 41А,
пошт. фах 55, 1060 Скопје

телефон:
+389/2/3065-381;
факс:
+389/2/3065-298;

е-пошта:
mcms@mcms.mk

веб-страница:
www.mcms.mk

Scribd:
http://www.scribd.com/mcms.mk

Slideshare:
http://www.slideshare.net/mcms.mk

www.facebook.com/mcms.mk
www.twitter.com/mcms.mk

Графички дизајн:
Игор Делов

Матрица за следење на овозможувачката околина
за развој на граѓанското општество

www.monitoringmatrix.net

A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

Проектот е финансиран од Европската Унија,
Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и
Инструментот за граѓанското општество (СЦФ).